ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА

Скопје, Февруари 2020 година

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14 , 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19) директорот на Државниот инспекторат за техничка инспекција на Република Северна Македонија, донесе:

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА**

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредува внатрешната организација на Државниот инспекторат за техничка инспекција (во понатамошен текст Инспекторат) видови организациони облици и нивниот делокруг, на работа, начинот на раководење со организационите облици и начинот на работа на Државниот инспекторат за техничка инспекција.

Со овој Правилник се уредува организацијата и работењето на Државниот инспекторат за техничка инспекција како орган во состав на Министерството за економија со својство на правно лице, при што составен дел е графичкиот приказ на установата (органограм).

**Член 2**

Внатрешната организација на Инспекторатот се утврдува во зависност од надлежностите утврдени со законот за организација и работа на органите на државната управа и други прописи.

Работите и задачите се групираат според видот, обемот, сложеноста, нивната меѓусебна сродност и поврзаност, и другите карактеристики на работите и задачите видот и степенот на стручната подготовка и другите услови потребни за нивно извршување.

**Член 3**

Со внатрешната организација на Инспекторатот, утврдена со овој правилник се обезбедува особено:

- законито, стручно, ефикасно и рационално вршење на работите и задачите;
- независност и одговорност при вршењето на службените задачи;
- унифицираност на организационите облици;
- приспособливост на организационите облици кон надлежноста на органот и кон потребите на граѓаните;
- еднаквост во хиерархиската поставеност на организационите облици.

**Член 4**

Работата на Инспекторатот се остварува врз основа на Програма за работа, со која се утврдуваат приоритетните прашања и задачи од негов делокруг.

**Член 5**

Во зависност од видот, обемот и степенот на сложеноста на работите и задачите на Инспекторатот, нивната меѓусебна поврзаност и другите услови потребни за функционирање на Инспекторатот, се образуваат организациони облици.

**Член 6**

Во Инспекторатот согласно Законот на Владата на Република Македонија и Уредбата за начелата за внатрешна организација на органите на државната управа, хиерахиската поставеност е

утврдена на следните нивоа:

директор
сектори и
одделенија

**Член 7**

Во Инспекторатот се именува директор, а го именува Владата на Република Северна Македонија, кој го обединува работењето и ја унапредува хоризонталната координација на сите сектори.

## II. ОРГАНИЗАЦИОНИ ОБЛИЦИ

**Член 8**

Тргнувајќи од надлежностите на Инспекторатот утврдени во законите, како и од видот, обемот, сложеноста, меѓусебната сродност и поврзаност на работите и задачите и другите услови потребни за нивното извршување во Инспекторатот како организационите облици се образуваат:

**1. Сектор за инспекциски надзор над експлоатација на минерални суровини и геолошки истражувања**

1.1. Одделение за вршење на инспекциски надзор над експлоатацијата на минералните суровини и геолошките истражувања

1.2. Одделение за инспекциски надзор над експлоатација на минерални суровини и геолошки истражувања за регион ШТИП со градовите: Берово, Валандово, Виница, Гевгелија, Делчево, Кочани, Пробиштип, Радовиш, Свети Николе и Струмица

1.3. Одделение за инспекциски надзор над експлоатација на минерални суровини и геолошки истражувања за регион ТЕТОВО со градовите: Гостивар, Дебар, Кичево, Македонски Брод, Охрид и Струга

1.4. Одделение за вршење на инспекциски надзор на рударска техничка опрема

**2. Сектор за инспекциски надзор над техничка опрема**

2.1 Одделение за инспекциски надзор на опрема под притисок

2.2. Одделение за инспекциски надзор на електро енергетски постројки, производи и уреди и производи и постројки наменети за работа во експлозивна атмосфера

2.3. Одделение за инспекциски надзор на лифтови, жичари, дигалки и транспортери

**3. Сектор за правно-административни и општи работи**

3.1. Одделение за правни и административни работи

3.2. Одделение за општи работи

**4. Одделение за финансиски прашања**

**5. Одделение за управување со човечки ресурси**

## III. ДЕЛОКРУГ НА ОРГАНИЗАЦИОНИ ОБЛИЦИ

**Член 9**

**ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА**

Во Државниот инспекторат за техничка инспекција се организира и координира работата од надлежноста на Инспекторатот; се донесуваат решенија по предмети што се во надлежност на Инспекторатот, се грижи за навремено законито и квалитетно вршење на работите задачите на вработените во Инспекторатот, учествува во извршувањето на најсложените работи и задачи од делокругот на Инспекторатот. Се грижи за спроведување на законите и спроведените прописи од областа на техничката инспекција, ги решава спорните прашања настанати при вршење на инспекцискиот надзор, по потреба врши непосреден инспекциски надзор со што ја контролира и работата на инспекторите, остварува соработка со другите организациони единици во состав на Министерството како и со други државни органи, ја организира изработката на годишните извештаи за работа на Инспекторатот, ја води тековната преписка за работата од делокругот на Инспекторатот и врши други работи и задачи кои произлегуваат од карактерот на работењето.

**СЕКТОР ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НАД ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ И ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА**

Во секторот се организира, насочува и кординира работата во одделенијата. Во состав на секторот се три одделенија. Во секторот се врши распределба на задачите во одделенијата, непосредна контрола и надзор над извршување на работите во одделенијата, се изготвува годишниот план за работа на секторот и одделенијата, се подготвува и контролира кватрален и месечен план за работа на инспекторите, се подготвува квартален извештај за работата на инспекторите,се предлагаат концепти на закони и други системски прашања, се изготвува годишниот извештај за работата на инспекторатот, се изготвуваат информации за спроведување на прописи од областа на експлоатација на минерални суровини и геолошки истражувања и се вршат други работи од областа на експлоатација на минерални суровини и геолошки истражувања.

**Одделение за вршење на инспекциски надзор над експлоатацијата на минералните суровини и геолошките истражувања**

Одделението врши непосреден инспекциски надзор над примена на законите, подзаконските акти и други општи акти и примената на пропишаните стандарди и технички нормативи за вршење на работите при изведување на рударски работи и експлоатација на минерални суровини ии геолошки истражувања.

- Се остварува и спроведува годишната програма за работа на инспекторатот;
- Се остварува и спроведува кватрален и месечен план за работа на инспекторите;
- Се подготвува квартален извештај за работата на инспекторите;
- Се изготвуваат извештаи за работата на одделението;
- Се изготвуват информации за спроведување на прописите од областа на геолошките истражувања;
- Во одделението се остваруваат и други работи и задачи и што ќе се доверат од секторот
- Одделението соработува со другите одделенија за работи кои се од заеднички интерес за Државниот инспекторат за техничка инспекција, односно Министерството.

**Одделение за вршење на инспекциски надзор над експлоатација на минерални суровини и геолошки истражувања за регион Штип со градовите: Берово, Валандово, Виница, Гевгелија, Делчево, Кочани, Пробиштип, Радовиш, Свети Николе и Струмица**

Одделението врши непосреден инспекциски надзор над примената на законите, подзаконските акти и други општи акти и примената на пропишаните стандарди и технички нормативи при изведување на рударски работи и експлоатација на минерални суровини и геолошките истражувања во регионот Штип со градовите: Берово, Валандово, Виница, Гевгелија, Делчево, Кочани, Пробиштип, Радовиш, Свети Николе и Струмица.

- Се остварува и спроведува годишната програма за работа на инспекторатот;
- Се остварува и спроведува кватрален и месечен план за работа на инспекторите;
- Се подготвува квартален извештај за работата на инспекторите;
- Се изготвуваат извештаи за работата на регионалното одделение;
- Се изготвуват информации за спроведување на прописите од областа на минералните суровини и геолошките истражувања;
- Во одделението се остваруваат и други работи и задачи што ќе се доверат од секторот
- Одделението соработува со другите одделенија за работи кои се од заеднички интерес за Државниот инспекторат за техничка инспекција, односно Министерството

**Одделение за инспекциски надзор над експлоатација на минерални суровини и геолошки истражувања за регион ТЕТОВО со градовите: Гостивар, Дебар, Кичево, Македонски Брод, Охрид и Струга**

Одделението врши непосреден инспекциски надзор над примената на законите, подзаконските акти и други општи акти и примената на пропишаните стандарди и технички нормативи при изведување на рударски работи и експлоатација на минерални суровини, и геолошки истражувања.

- Се остварува и спроведува годишната програма за работа на инспекторатот;
- Се остварува и спроведува кватрален и месечен план за работа на инспекторите;
- Се подготвува квартален извештај за работата на инспекторите;
- Се изготвуваат извештаи за работата на регионалното одделение;
- Се изготвуват информации за спроведување на прописите од областа на геолошките истражувања;
- Во одделението се остваруваат и други работи и задачи што ќе се доверат од секторот
- Одделението соработува со другите одделенија за работи кои се од заеднички интерес за Државниот инспекторат за техничка инспекција, односно Министерството

**Одделение за вршење на инспекциски надзор на рударска техничка опрема**

Во одделението се организира работата на инспекцискиот надзор и примената на законите и техничките прописи при користење на рударската техничка опрема

- Се остварува и спроведува годишната програма за работа на инспекторатот;
- Се остварува и спроведува кватрален и месечен план за работа на инспекторите;
- Се подготвува квартален извештај за работата на инспекторите;
- Се изготвуваат извештаи за работата на регионалното одделение;
- Се изготвуват информации за спроведување на прописите од областа на геолошките истражувања;
- Во одделението се остваруваат и други работи и задачи што ќе се доверат од секторот
- Одделението соработува со другите одделенија за работи кои се од заеднички интерес за Државниот инспекторат за техничка инспекција, односно Министерството

## СЕКТОР ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НАД ТЕХНИЧКА ОПРЕМА

Во секторот се организира, насочува и кординира работата во одделенијата. Во состав на секторот се три одделенија. Во секторот се врши распределба на задачите во одделенијата, непосредна контрола и надзор над извршување на работите во одделенијата, се изготвува годишниот план за работа на секторот и одделенијата, се подготвува и контролира кватрален и месечен план за работа на инспекторите, се подготвува квартален извештај за работата на инспекторите,се предлагаат

концепти на закони и други системски прашања, се изготвува годишниот извештај за работата на инспекторатот, се изготвуваат информации за спроведување на прописи од областа на опрема под притисок; лифтови, жичари, дигалки и транспортери и електро енергетски постројки, производи и уреди и производи и постројки наменети за работа во експлозивна атмосфера и се вршат други работи од наведените области.

**Одделение за инспекциски надзор на опрема под притисок**

Во одделението се организира работата на инспекцискиот надзор и примената на законите и техничките прописи при користење на техничката опрема во обласа на опрема под притисок и води евиденција на независните правни лица од обласа;врши верификација и евиденција за независните правни лица; води евиденција за техничките прегледи и периодичните испитувања при користење на техничка опрема; донесува решение за ставање во употреба на техничка опрема на корисникот; во соработка со другите надлежни државни органи учествува во утврдување на причините за настанатите несреки, хаварии и штети и други работи согласно законот и прописите.

**Одделение за инспекциски надзор на електро енергетски постројки, производи и уреди и производи и постројки наменети за работа во експлозивна атмосфера**

Во одделението се координираат работите кои се однесуваат на инспекциски надзор на и електро енергетски постројки, производи и уреди и опремата под притисок, производи и постројки наменети за работа во епксплозивна атмосфера (ATEX); се врши верификација и евиденција за независните правни лица, води евиденција за техничките прегледи и периодичните испитувања при користење на техничка опрема, донесува решение за ставање во употреба на техничка опрема на корисникот и други работи согласно законот и прописите.

**Одделение за инспекциски надзор на лифтови, жичари, дигалки и транспортери**

Во одделението се врши непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите во примената на законите и техничките прописи при користење на техничката опрема во обласа на лифтови, жичари, дигалки и транспортери и електро-енергетски постројки, производи и уреди и води евиденција за независните правни лица; се врши верификација и евиденција за независните правни лица; води евиденција за техничките прегледи и периодичните испитувања при користење на техничка опрема; донесува решение за ставање во употреба на техничка опрема на корисникот и други работи согласно законот и прописите.

## СЕКТОР ЗА ПРАВНО-АДМИНИСТРАТИВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

Во секторот се организира, насочува и кординира работата во одделенијата. Во состав на секторот се две одделенија. Во секторот се врши распределба на задачите во одделенијата, непосредна контрола и надзор над извршување на работите во одделенијата, се изготвува годишниот план за работа на секторот и одделенијата, ,се предлагаат концепти на закони и други системски прашања, се изготвува годишниот извештај за работата на инспекторатот, се изготвуваат информации за спроведување на прописи од областите во надлежност на Инспекторатот согласно Законот за техничката инспекција.

**Одделение за правни и административни работи**

Се вршат работите кои се однесуваат на: правна и административна поддршка на Државниот инспекторат за техничка инспекција, стручна обработка на материјалите за Министерство за економија, подготовка на материјали за директорот. Се врши архивско и канцелариско работење, се води архивата и се архивираат предметите од Инспекторатот. Одделението грижи за правна примена на законите и подзаконските акти.

**Одделение за општи работи**

Се вршат работите кои се однесуваат на: логистичка и техничка поддршка на државниот технички инспекторат, подготовка на материјали за директорот, средби и состаноци на директорот. Во одделението се организираат општите работи за потребите на инспекторатот, се организират материјално технички обезбедувања за потребите на инспекторатот, се организира распоредувањето на материјално техничките средства според потребите и се остварува соработка со други органи за вршење на работата во инспекторатот. Се вршат работи и задачи во делот преведување на материјали за потребите на Инспекторатот.

**Одделение за финансиски прашања**

Се вршат работите во врска со буџетското работење во смисла на изготвување, следење и извршување на буџетот на Инспекторатот; координирање на процесот за подготвување и изменување и дополнување на буџетот и стратешкиот план; изготвува план за воспоставување на финансиското управување и контрола, план за јавни набавки, како и методологија за спроведување на плановите кои ги одобрува директорот. Следење и примена на законската регулатива од областа на буџетското работење, јавните набавки.

**Одделение за управување со човечки ресурси**

Се вршат работите кои се однесуваат на кадровските работи, се подготвуваат општите акти за внатрешна организација и за систематизација, се подготвуваат одлуки, решенија, договори со кои се регулираат правата и обврските на вработените, се води персонална евиденција на вработените, собирање и обработка на податоци за вработените и врши и други работи.

## V. РАКОВОДЕЊЕ СО ОРГАНИЗАЦИОНИТЕ ОБЛИЦИ

**Член 10**

Во Секторот раководи раководител на сектор.

Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на секторот, со секторот раководи помошник раководителот на сектор или раководителите на одделениеата што тој ќе го овласти.

Со Одделението раководи раководител на одделение.

Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на одделението, со одделението раководи стручен државен службеник со највисоко звање во одделението еден од вработените што раководителот на одделението ќе го овласти.

**Член 11**

За разгледување на прашања од заеднички интерес и заради обезбедување на законско и ефикасно вршење на работите и задачите на Инспекторатот се образуваат комисии со внатрешни и надворешни членови.

## VI. ПЛАНИРАЊЕ НА РАБОТИТЕ И ЗАДАЧИТЕ

**Член 12**

Работите и задачите од делокругот на Инспекторатот се остваруваат врз основа на Програма за работа на Инспекторат, која е во согласност со Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

Со Програмата се утврдуваат и разработуваат одделни прашања за извршување на законите и другите прописи за кои е потребно утврдување на рокови и динамика на нивно извршување, како и работите и задачите за годината за која се донесува Програмата.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 13

Овој Правилник влегува во сила со денот на добивањето писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација и негово објавување на Огласна табла и на интернет страницата на Државниот инспекторат за техничка инспекција.

Директор,

Ekrem Bunjaki

Бр. 01-285/2

07.02.2020 година

# ОРГАНОГРАМ НА
# ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА

